**Сара Горан Анастасовска**[1]

# КРИВИЧНОТО ДЕЛО ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ДРУГИ ПРИНОСИ ОД КАЗНИВО ДЕЛО И ПРЕДИКАТИВНИТЕ КРИВИЧНИ ДЕЛА СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА РИЗИК

**1.02 Прегледна научна статија**

**УДК 343.9.024:336.7]:343.238(497.7)"2011/2024"**

**Апстракт**

Перењето пари и другите приноси од казниво дело претставуваат еден од најсложените облици на современ криминалитет со сериозни последици врз финансиската стабилност, економскиот развој и владеењето на правото. Суштината на овој феномен е во прикривањето на незаконски стекнатиот имот и негово интегрирање во легалните економски текови преку сложени трансакции, со цел да се добие привид на легитимност. Основна претпоставка за овој процес се предикативните кривични дела, односно оние криминални активности преку кои се создава нелегалниот профит што подоцна станува предмет на перење.

Предикативните дела се категоризираат според нивото на ризик што го носат во однос на перењето пари, и тоа: висок, среден и низок ризик. Токму ваквата поделба овозможува појасна процена на заканите и насочување на институционалните капацитети кон најранливите сегменти на финансискиот систем. Компаративната анализа покажува дека во поединечни правни системи, докажувањето на предикативното дело е задолжителен услов за гонење на перење пари, додека, пак, во други системи, акцентот е ставен на докажување на незаконитото потекло на имотот без нужно идентификување на конкретното предикативно дело.

Успешната борба против перењето пари бара интегриран пристап што вклучува ефикасно откривање и правилна квалификација на предикативните дела, процена на ризикот и усогласување на судската практика со законодавството и меѓународните стандарди. Меѓународната соработка и примената на компаративни методи претставуваат неопходни предуслови за развивање ефективни стратегии за превенција и репресија на овој вид криминалитет.

**Клучни зборови:** *перење пари, фази на перење пари, предикативни кривични дела, процена на ризик, Кривичен законик*.

[1] Докторанд по правни науки од областа на кривично право на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

## 1. Вовед

Перењето пари и други приноси од казниво дело претставува стекнување и прикривање незаконски профит со цел да се вметне во легалните економски текови и да се прикаже како легално стекнат профит. Сложеноста на самиот процес опфаќа три фази на перење пари, и тоа: фаза на пласман (placement), фаза на прикривање (layering) и фаза на интеграција (integration).[2]

На кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело му претходат предикативните кривични дела што се извршуваат со цел да се стекнат незаконити средства или имотна корист. Предикативното кривично дело го означува основното кривично дело од кое потекнува противправната имотна корист, а кое е неопходен услов за постоење некое друго, дериватно кривично дело. Поради комплексноста на овој феномен, се поставува прашањето дали треба да се докаже предикативното кривично дело за да се осуди лицето дека го извршило кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело. Така, според ставот на Апелациониот суд во Скопје, за да се осуди некое лице за извршување на кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело, неопходно е да се докаже дека парите потекнуваат од извршување претходно кривично дело, но законодавството потенцира дека предикативното кривично дело не мора посебно да се докажува. Дополнително, според Конвенцијата на ООН од 1988 година, не е неопходно да биде правосилна пресудата за предикативното кривично дело и сосема е доволно обвинителството и судот да докажат дека имотот потекнува од извршување криминални активности.

Поради горенаведената сложеност на овој феномен, нужно е да се процени ризикот од перење пари и други приноси од казниво дело. Целта на процената на ризикот е за да се донесат заклучоци во насока на тоа, кои дејства во системот на една држава сносат потенцијален висок ризик од перење пари, кои дејства сносат среден ризик од перење пари и кои дејства сносат низок ризик од перење пари. Процената на ризикот се одредува со цел

[2] Sarić, Ž., Zadaće posrednika u prometu nekretnina u provođenju mjera I radnji za sprječavanje pranja novca I financiranje terorizma, HGK - Sektor za trgovinu, 24 forum poslovanje nekretninama, стр. 4.

државата да може соодветно да одговори на ризиците и да воспостави ефикасен систем во борба против перењето пари.

## 2. Поим на предикативно дело и листа на предикативни дела според европските директиви

Предикативно кривично дело е кривично дело што е компонента на поголемо кривично дело. Во финансиски контекст, предикативно кривично дело е секое кривично дело што генерира парични приходи, а поголемото кривично дело би било перење пари и други приноси од казниво дело или кривично дело финансирање тероризам. Имено, нема услови за кривично гонење за кривичното дело перење пари и други приноси на казниво дело додека не се утврди предикативното кривично дело. Така, за да постои кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело, мора да се докаже дека целиот износ или дел од стекнатиот имот потекнува од извршување кривично дело – предикативно дело. Дополнително, мора да се најде поврзаност помеѓу парите што се стекнати со извршување криминални активности со „исперените“ пари, што може да претставува дополнителен проблем затоа што е познато дека криминалните приноси најчесто се помешани со легалните приноси, претставувајќи еден од начините за прикривање на криминалните извори.[3]

Целта на Директивата 2018/1679 на Европската Унија од 23 октомври 2018 година е да ги подобри идентификацијата и следењето на финансиските трансакции што може да бидат поврзани со кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело и кривичното дело финансирање тероризам, како и да ја зголеми соработката помеѓу различните органи за спроведување на законите во Европската Унија. Дополнително, воспоставена е листата на предикативни кривични дела според европските директиви. Согласно ставот 2 од Директивата 2018/1679[4] на Европската Унија од 23 октомври 2018 година, содржана е листата на дваесет и две предикативни кривични дела, и тоа:

- учество во организирана криминална група и рекетирање;

---

[3] Подетално за предикативните дела види: Deanoska Trendafilova, A., Money Laundering, Predicate Offences and Professional Money Laundering Perpetrators, Iustinianus Primus Law Review, Vol. 16 No. 2 (2025): Summer Issue.

[4] Директива 2018/1679 на Европската Унија од 23 октомври 2018 година, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32018L1673.

- тероризам;
- трговија со луѓе и криумчарење мигранти;
- сексуална експлоатација;
- недозволена трговија со дрога и психотропни супстанции;
- недозволена трговија со оружје;
- недозволена трговија со украдена и друга стока;
- корупција;
- измама;
- фалсификување валута;
- фалсификување и пиратирање производи;
- еколошки криминал;
- убиство и тешка телесна повреда;
- киднапирање, незаконско задржување и земање заложници;
- грабеж или кражба;
- шверцување;
- даночни кривични дела што се однесуваат на директни и индиректни даноци;
- изнуда;
- фалсификување;
- пиратерија;
- внатрешна трговија и манипулација на пазарот и
- сајбер криминал.

Предметната директива укажува за обврска на финансиските институции да го разберат и да го приспособат регулаторниот опсег што го донесе шестата Директива, вклучувајќи ги и новодонесените предикативни кривични дела што мора да се следат и да бидат претпазливи во однос на нив. Исто така, финансиските сектори треба да ја преиспитаат нивната примена на технологија со цел да се осигурат дека се во можност да ги исполнат тековните обврски за следење и проверка на трансакциите на своите клиенти.

Исто така, оваа Директива во чл. 3, ст. 3 (а) наведува дека државите мора да предвидат во своето законодавство дека претходна или истовремена осуда за

предикативното дело што генерирало приходи што се предмет на перењето пари не е предуслов за да може судот да донесе осудителна пресуда за перењето пари.[5]

## 3. Кривични дела од висок ризик

Предикативни кривични дела што според анализите на Управата за финансиско разузнавање се класифицирани како кривични дела од висок ризик се: даночно затајување, злоупотреба на службена положба и овластување, неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, тешка кражба, криумчарење мигранти, измама и пустошење шуми.[6] Во продолжение е прикажан бројот на пријавени сторители на кривичните дела од висок ризик за перење пари и други приноси од казниво дело, и тоа за периодот од 2011 година до 2023 година во Република Северна Македонија.

Вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Даночно затајување за периодот од 2011 година до 2023 година во Република Северна Македонија изнесува 1.302, вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување изнесува 3.214, додека, пак, вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги изнесува 6.422. Вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Тешка кражба изнесува 37.437, вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Криумчарење мигранти изнесува 403, вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Измама изнесува 3.795 и вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Пустошење шуми изнесува 107.

Имено, за временскиот период од 2011 година до 2017 година има вкупно 957 пријавени сторители за кривичното дело Даночно затајување. Од достапните податоци на МАКСТАТ може да се заклучи дека бројот на пријавени сторители за кривичното дело Даночно затајување е намален само во 2015 година и во 2016 година, додека, пак, во 2011 година, 2012 година, 2013 година, 2014 година и во 2017 година, бројот на пријавени сторители постојано варира. Додека, пак, за временскиот период од 2018 година до 2023

---

[5] Ibid, чл. 3, пара. 3 (а).
[6] Повеќе за предикативните кривични дела, достапно на: https://ufr.gov.mk/wp-content/uploads/2020/05/NRA-Izvestaj-za-web-19-05.pdf.

година[7] има вкупно 347 пријавени сторители за кривичното дело Даночно затајување. За временскиот период од тринаесет години, најмалку пријавени сторители има во 2015 година, а најмногу пријавени сторители има во 2013 година. Имено, може да се забележи дека за временскиот период од 2018 година до 2023 година во однос на податоците, бројот на пријавени сторители е намален за 63,7 %.

Податоците покажуваат дека за периодот од 2011 година до 2017 година се пријавени вкупно 3.884 сторители на кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување. Во периодот од 2018 година до 2023 година се пријавени вкупно 2.716 сторители на кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување. Бројот на пријавени сторители во 2022 година е најмал, додека, пак, бројот на пријавени сторители во 2019 година е најголем за кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување. Во временскиот период од 2011 година до 2023 година се регистрирани вкупно 6.602 пријавени сторители за кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување. За тринаесетгодишниот период, најмалку пријавени сторители има во 2022 година, а најмногу пријавени сторители има во 2013 година. Имено, во временскиот период од 2018 година до 2023 година, бројот на пријавени сторители за кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување е зголемен за 69,9 %.

Во нашата земја, за временскиот период од 2011 година до 2017 година се пријавени вкупно 3.095 сторители за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори. Во временскиот период од 2018 година до 2023 година се регистрирани вкупно 3.327 сторители на кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори. Во временскиот период од 2011 година до 2023 година се регистрирани вкупно 6.422 пријавени сторители за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори. Во временскиот период од 2011 година до 2023 година, бројот на пријавени сторители за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори е најмал во 2016 година, а најголем во 2023

---

[7] База на податоци МАКСТАТ, достапно на: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Sudstvo__PrijaveniPolnoletniStoriteli/101_SK1_Mk_T2a_ml.px/table/tableViewLayout2/.

година. Бројот на пријавени сторители за кривичното дело Неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од 2019 година до 2023 година е зголемен за 7,5 %.

Во периодот од 2011 година до 2017 година се пријавени вкупно 80.010 сторители за кривичното дело Тешка кражба. Во временскиот период од 2018 година до 2023 година се пријавени 31.136 сторители за кривичното дело Тешка кражба. Имено, за временскиот период опфатен од 2011 година до 2023 година, бројот на пријавени сторители за кривичното дело Тешка кражба е најмал во 2023 година, а најголем во 2014 година. Така, бројот на пријавени сторители во периодот од 2018 година до 2023 година, за разлика од бројот на пријавени сторители од временскиот период од 2011 година до 2017 година, е намален за 61,1 %.

Во периодот од 2011 година до 2017 година се пријавени вкупно 367 сторители за кривичното дело Криумчарење мигранти. Во временскиот период од 2018 година до 2023 година се пријавени вкупно 397 сторители на кривичното дело Криумчарење мигранти. Имено, бројот на пријавени сторители за кривичното дело Криумчарење мигранти за временскиот период од 2018 година до 2023 година, во однос на временскиот период од 2011 година до 2017 година, е зголемен за 8,17 %.

Во Република Северна Македонија, за периодот од 2011 година до 2017 година се пријавени вкупно 5.364 сторители за кривичното дело Измама. Во периодот од 2018 година до 2023 година се пријавени вкупно 3.219 сторители на кривичното дело Измама. Имено, во временскиот период од 2011 година до 2023 година се регистрирани вкупно 8.583 сторители на кривичното дело Измама. Во временскиот период од 2018 година до 2023 година, во однос на временскиот период од 2011 година до 2017 година, бројот на пријавени сторители за кривичното дело Измама е намален за 40 %.

Во Република Северна Македонија, за кривичното дело Пустошење шуми во временскиот период од 2011 година до 2023 година се регистрирани вкупно 209 сторители. Бројот на пријавени сторители за временскиот период од 2018 година до 2023 година, во однос на временскиот период од 2011 година до 2017 година, е намален за 8,26 %.

Овие податоци се преземени од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија за период од 2011 година до 2017 година и од Базата на податоци МАКСТАТ за периодот од 2018 година до 2023 година, како и од Годишниот извештај на Министерството

за внатрешни работи на Република Северна Македонија за 2018 година[8], 2019 година[9], 2020 година[10] и 2021 година.[11] Може да се заклучи дека, според процената, ризикот од извршување на предметните кривични дела е висок, бидејќи со извршување на овие кривични дела, сторителите се стекнуваат со значителна противправна имотна корист, која подоцна ја инфилтрираат во легалните финансиски текови. Со извршување на предметните предикативни кривични дела, кои се класифицирани како кривични дела од висок ризик, се зголемува потенцијалот на перење пари, што директно се одразува на економскиот систем на државата. Видно од податоците, во конкретниот случај, може да се заклучи дека за периодот од 2011 година до 2023 година има најмногу пријавени сторители за кривичното дело Тешка кражба, и тоа 111.080 сторители, што укажува на фактот дека со извршување на ова кривично дело, ризикот за извршување на кривичното дело Перење пари и други приноси од казниво дело е највисок.

Што се однесува, пак, до бројот на осудени лица во периодот 2017–2024 година согласно податоците на МАКСТАТ, состојбата е следна за делата што се од висок ризик:

**Табела 1. Дела од висок ризик – вкупен број осудени лица.**

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| **...Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори** | 254 | 184 | 235 | 225 | 352 | 336 | 362 | 376 |
| **...Пустошење шума** | 4 | 2 | 6 | 2 | - | 1 | 1 | 1 |

[8] Годишен извештај за 2018 година на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, бр. 22.4.2.1-922/1 од 25.03.2019 година, достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20izvestaj%202018.pdf.

[9] Годишен извештај за 2019 година на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, бр. 22.4.2.1-741/1, достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/%D0%9E%D0%9A%D0%A0%D0%90/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%202019.pdf.

[10] Годишен извештај за 2020 година на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, бр. 22.4-519/1 од 15.03.2021 година, достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%202020.pdf.

[11] Годишен извештај за 2021 година на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, бр. 22.4-506/1 од 29.03.2022 година, достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20izvestaj/Godisen-izvestaj-na-MVR-za-2021-godina-15_04_2022.pdf.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **...Тешка кражба** | 699 | 793 | 622 | 481 | 655 | 826 | 819 | 892 |
| **...Измама** | 200 | 148 | 110 | 93 | 125 | 128 | 85 | 104 |
| **...Даночно затајување** | 39 | 31 | 25 | 20 | 40 | 34 | 38 | 36 |
| **...Злоупотреба на службената положба и овластување** | 62 | 58 | 36 | 40 | 38 | 68 | 77 | 19 |
| **...Криумчарење мигранти** | 50 | 39 | 59 | 52 | 90 | 111 | 106 | 101 |

## 4. Кривични дела од среден ризик

Предикативни кривични дела што се класифицираат како кривични дела од среден ризик се: лихварство, проневера во службата, изнуда и разбојништво.

Вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Лихварство, и тоа за период од 2011 година до 2023 година во Република Северна Македонија, изнесува 15, вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Проневера во службата изнесува 175, вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Изнуда изнесува 257, додека, пак, вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Разбојништво изнесува 3.939.

Согласно податоците за временскиот период од 2011 година до 2023 година, пријавени се вкупно 15 сторители на кривичното дело Лихварство, при што бројот на пријавени сторители за временскиот период од 2018 година до 2023 година, за разлика за временскиот период од 2011 година до 2017 година, е намален за 100 %.

Во врска со кривичното дело Проневера во службата, во временскиот период од 2011 година до 2023 година се регистрирани вкупно 175 пријавени сторители за кривичното дело Проневера во службата. Имено, бројот на пријавени сторители за временскиот период од 2018 година до 2023 година, за разлика од временскиот период од 2011 година до 2017 година, е намален за 36,4 %.

Во Република Северна Македонија, во временскиот период од 2011 година до 2023 година се регистрирани вкупно 257 сторители на кривичното дело Изнуда. Може да се забележи дека за временскиот период од 2018 година до 2023 година, за разлика од 2011 година до 2017 година, бројот на пријавени сторители е зголемен за 17,8 %.

Што се однесува до кривичното дело Разбојништво, за временскиот период од 2011 година до 2023 година се регистрирани вкупно 3.939 пријавени сторители за кривичното дело Разбојништво. Во временскиот период од 2018 година до 2023 година, за разлика за временскиот период од 2011 година до 2017 година, бројот на пријавени сторители е намален за 43,2 %.

Податоците се добиени од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија за периодот од 2011 година до 2017 година и од Базата на податоци МАКСТАТ за временскиот период од 2018 година до 2023 година. Може да се заклучи дека процената за ризикот од извршување на наведените кривични дела е средна, бидејќи со извршување на овие кривични дела, сторителите се стекнуваат со голема финансиска корист, која подоцна ја внесуваат во легалниот економски систем на државата со цел да ги прикажат парите како законски. Може да се заклучи дека за периодот од 2018 година до 2023 година има најмногу пријавени сторители на кривичното дело Разбојништво, и тоа 3.939 сторители, додека, пак, оскудни се податоците за пријавените сторители на кривичното дело лихварство, бидејќи од 2011 година до 2015 година и од 2018 година до 2023 година воопшто нема податоци за пријавени сторители. Секако, може да се дојде до заклучок дека предикативните кривични дела што се класифицирани како кривични дела од висок ризик се одликуваат со поголем број сторители, за разлика од предикативните кривични дела што се класифицирани како кривични дела од среден ризик, кои се одликуваат со помал број сторители и со оскудност во податоците. Според тоа, предикативните кривични дела што се класифицирани како кривични дела од висок ризик имаат поголем број сторители со прибавена значителна финансиска корист, за разлика од предикативните кривични дела што се класифицирани како кривични дела од среден ризик, кои се одликуваат со значително помал број сторители со прибавена помала финансиска корист.

Во Табела 2 е прикажан бројот на осудени лица за одредени дела од среден ризик според Државниот завод за статистика.

**Табела 2. Дела од среден ризик – вкупен број осудени лица.**

| | **Вкупно осудени лица** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **...Разбојништво** | **...Изнуда** | **...Проневера во службата** | |
| **2017** | 39 | 4 | 4 | |
| **2018** | 46 | 1 | 4 | |
| **2019** | 31 | 2 | 3 | |
| **2020** | 28 | 5 | 2 | |
| **2021** | 53 | 5 | 7 | |
| **2022** | 46 | 4 | 5 | |
| **2023** | 44 | 3 | 7 | |
| **2024** | 53 | 2 | 8 | |

## 5. Кривични дела од низок ризик

Предикативни кривични дела што се класифицирани како кривични дела од низок ризик се: трговија со луѓе, затајување, фалсификување хартии од вредност и намерно предизвикување стечај.

Вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Трговија со луѓе, и тоа за период од 2011 година до 2023 година во Република Северна Македонија, изнесува 40, вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Затајување изнесува 1.909, вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Фалсификување хартии од вредност изнесува 1 и вкупниот број пријавени сторители за кривичното дело Намерно предизвикување стечај изнесува 4.

Во поглед на кривичното дело Трговија со луѓе, во временскиот период од 2011 година до 2023 година се регистрирани вкупно 39 пријавени сторители на кривичното дело Трговија со луѓе. Може да се забележи дека бројот на пријавени сторители за временскиот период од 2018 година до 2023 година, за разлика од временскиот период од 2011 година до 2017 година, се зголемил за 580 %.

Во Република Северна Македонија се пријавени вкупно 1.025 сторители на кривичното дело Затајување за периодот од 2011 година до 2017 година. Може да се заклучи дека најмногу пријавени сторители има во 2013 година, и тоа 178 сторители, додека, пак, во 2017 година е регистриран најмал број пријавени сторители, и тоа 117. Во периодот од 2011 година до 2013 година се забележува пораст на бројот на пријавени сторители на кривичното дело Затајување, а потоа од 2015 година до 2017 година се намалува бројот на пријавени сторители. Во временскиот период од 2018 година до 2023 година се регистрирани вкупно 884 сторители за кривичното дело Затајување. Од податоците може да се забележи дека секоја година варира бројот на пријавени сторители. Во временскиот период од 2011 година до 2023 година се регистрирани вкупно 1.909 сторители за кривичното дело Затајување. Може да се воочи дека за временскиот период од 2018 година до 2023 година, за разлика од временскиот период од 2011 година до 2017 година, бројот на регистрирани сторители на кривичното дело Затајување е намален за 13,76 %.

Во периодот од 2011 година до 2017 година има само еден пријавен сторител на кривичното дело Фалсификување хартии од вредност, и тоа во 2016 година, додека, пак, за периодот од 2011 година до 2015 година и за 2017 година не се достапни податоци за

пријавени сторители на кривичното дело Фалсификување хартии од вредност. Во временскиот период од 2018 година до 2023 година нема податоци за пријавени сторители за кривичното дело Фалсификување хартии од вредност, што не значи дека кривичното дело не е извршено. Во временскиот период од 2011 година до 2023 година е пријавен само еден сторител за кривичното дело Фалсификување хартии од вредност.

Во периодот од 2011 година до 2017 година се пријавени вкупно 4 сторители на кривичното дело Намерно предизвикување стечај. Во 2016 година и во 2017 година се пријавени по двајца сторители на кривичното дело Намерно предизвикување стечај, додека, пак, за периодот од 2011 година до 2015 година не се достапни податоци за пријавени сторители на Намерно предизвикување стечај, видно од годишните извештаи на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија. Во периодот од 2018 до 2023 година не се достапни податоци за пријавени сторители за кривичното дело Намерно предизвикување стечај. Во временскиот период од 2011 до 2023 година се пријавени вкупно 4 сторители на кривичното дело Намерно предизвикување стечај. Овие податоци се преземени од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија за период од 2011 година до 2017 година и од Базата на податоци МАКСТАТ за периодот од 2018 до 2023 година.

За некои од делата од низок ризик, бројот на осудени лица е прикажан во Табела 3.

**Табела 3. Дела од низок ризик – вкупен број осудени лица.**

| | **...Затајување** | **...Трговија со луѓе** |
|---|---|---|
| **2017** | 45 | 1 |
| **2018** | 47 | 6 |
| **2019** | 22 | - |
| **2020** | 34 | - |
| **2021** | 47 | 1 |
| **2022** | 59 | 3 |
| **2023** | 62 | 5 |
| **2024** | 59 | 7 |

## 6. Заклучок

Перењето пари и другите приходи од казниви дела претставува процес на прикривање на вистинското потекло на незаконски стекнатата имотна корист со цел нејзино

вклучување во легалните економски текови и прикажување како легално стекнато средство. Овој процес може да опфати различни активности, како што се трансформација, преместување, сокривање или прикривање на парите и другата имотна корист. Сложената природа на перењето пари и другите приноси од казниво дело ја наметнува потребата од систематска процена на ризикот. Основната цел на оваа процена, која ја изработува Управата за финансиско разузнавање, е да се утврди кои активности и сектори во рамките на државниот систем се изложени на висок, кои на среден, а кои на низок ризик од перење пари, со што се овозможува поефикасно насочување на превентивните и контролни механизми.

Кривичните дела што претставуваат ризик од перење пари и други приноси од казниво дело опфаќаат различни незаконити активности со кои може да се стекнат незаконити средства што понатаму ќе бидат предмет на перење пари и други приноси од казниво дело. Овие кривични дела се категоризирани како кривични дела од висок ризик, среден ризик и низок ризик за перење пари и други приноси од казниво дело.

Кривични дела од висок ризик за перење пари и други приноси од казниво дело се: даночно затајување, злоупотреба на службената положба и овластување, неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекусори, тешка кражба, криумчарење мигранти, измама и пустошење шуми.

Кривични дела од среден ризик за перење пари и други приноси од казниво дело се: лихварство, проневера во службата, изнуда и разбојништво.

Кривични дела од низок ризик за перење пари се: трговија со луѓе, затајување, фалсификување хартии од вредност и намерно предизвикување стечај.

Кривичните дела од висок ризик за перење пари се масовни, особено од аспект на имотниот криминалитет. Најважно, преку извршување на наведените кривични дела директно се наштетува на буџетот на државата и на нејзините граѓани, па затоа, според висината на финансиските средства со кои се стекнуваат извршителите на кривичните дела, овие кривични дела се класифицираат со висок ризик. Индикатор за определување на степенот на закана е начинот на извршување и организираноста на сторителите, а важни индикатори се видот и висината на противправно стекнатата имотна корист и другите приноси од казниво дело. Елементите на категоризација за степенот на ризик на конкретни кривични дела што се од висок ризик се реални во конкретни криминални ситуации, имаат

карактер на организиран криминал со соодветна структура на криминалните организации и соодветни криминални улоги на инволвираните сторители. По направената сеопфатна анализа на криминалните случаи од аспект на наведените индикатори, се дефинираат предикативни кривични дела од висока, средна и ниска закана на перење пари. Имено, нужно е да се напомене дека досегашната категоризација на процена на ризикот од надлежните органи не е конечна и може да се промени во практиката.

Клучна е улогата на докажување на предикативните кривични дела во сузбивањето перење пари, со цел да се утврди потеклото на парите, односно имотот дека потекнуваат од извршување одредено кривично дело. Постои криминална врска помеѓу постоењето на предикативното кривично дело, кое го поврзува со перење пари, и ширењето кривична одговорност, превенција и репресија. Така, со докажување на предикативното кривично дело, органите на прогонот полесно ги откриваат сторителите и начинот на извршување на делото, што доведува до потешко „легализирање“ на имотот и парите стекнати со извршување криминални активности. Во практиката, кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело не се третира изолирано, туку се третира во контекст на предикативното кривично дело. Поради тоа, законодавците ги обврзуваат банките, нотарите, осигурителните компании, адвокатите и другите субјекти да ги пријават сомнителните трансакции на своите клиенти, со цел да се открие потеклото на средствата и потенцијалното предикативно кривично дело, а да не се изврши кривичното дело Перење пари и други приноси од казниво дело.

Согласно правото на ЕУ, односно анализираната Директива на ЕУ, предикативното дело не мора секогаш да биде утврдено со правосилна пресуда за да се осуди некое лице за перење пари, а нашето законодавство е целосно усогласено со ваквото решение.

**Користена литература**


- База на податоци МАКСТАТ, достапно на: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Sudstvo__PrijaveniPolnoletniStoriteli/101_SK1_Mk_T2a_ml.px/table/tableViewLayout2/.

- Годишен извештај за 2018 година на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, бр. 22.4.2.1-922/1 од 25.03.2019 година, достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20izvestaj%202018.pdf.

- Годишен извештај за 2019 година на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, бр. 22.4.2.1-741/1, достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/%D0%9E%D0%9A%D0%A0%D0%90/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%202019.pdf.

- Годишен извештај за 2020 година на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, бр. 22.4-519/1 од 15.03.2021 година, достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%202020.pdf.

- Годишен извештај за 2021 година на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, бр. 22.4-506/1 од 29.03.2022 година, достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20izvestaj/Godisen-izvestaj-na-MVR-za-2021-godina-15_04_2022.pdf.

- Deanoska Trendafilova, A., Money Laundering, Predicate Offences and Professional Money Laundering Perpetrators, Iustinianus Primus Law Review, Vol. 16 No. 2 (2025): Summer Issue.

- Директива 2018/1679 на Европската Унија од 23 октомври 2018 година, достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32018L1673.

- Државен завод за статистика на Република Македонија, „Сторители на кривични дела во 2011 година“, Скопје, јули 2012, достапно на: https://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.12.09.pdf.

- Државен завод за статистика на Република Македонија, „Сторители на кривични дела во 2012 година“, Скопје, јули 2013, достапно на: https://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.13.11.pdf.

- Државен завод за статистика на Република Македонија, „Сторители на кривични дела во 2013 година“, Скопје, јули 2014, достапно на: https://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.14.11.pdf.

- Државен завод за статистика на Република Македонија, „Сторители на кривични дела во 2014 година“, Скопје, јули 2015, достапно на: https://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.12.pdf.

- Државен завод за статистика на Република Македонија, „Сторители на кривични дела во 2015 година“, Скопје, јули 2016, достапно на: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2.4.16.08kor.pdf.

- Државен завод за статистика на Република Македонија, „Сторители на кривични дела во 2016 година“, Скопје, јули 2017, достапно на: https://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.17.09.pdf.

- Државен завод за статистика на Република Македонија, „Сторители на кривични дела во 2017 година“, Скопје, јуни 2018, достапно на: https://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.18.07.pdf.

- Sarić, Ž., Zadaće posrednika u prometu nekretnina u provođenju mjera I radnji za sprječavanje pranja novca I financiranje terorizma, HGK - Sektor za trgovinu, 24 forum poslovanje nekretninama, стр. 4.


**Sara Goran Anastasovska**[12]

## THE ROLE OF PREDICATE OFFENCES IN COMBATING THE CRIMINAL OFFENCE OF MONEY LAUNDERING AND OTHER PROCEEDS OF CRIME


**Summary**

Money laundering and the proceeds of crime represent one of the most complex forms of contemporary criminality, with serious implications for financial stability, economic development, and the rule of law. The essence of this phenomenon lies in concealing illegally acquired assets and integrating them into legitimate economic flows through diverse and complex financial transactions, with the aim of creating an appearance of legitimacy. A fundamental prerequisite for this process are predicate offences, namely criminal activities through which illicit profit is generated and subsequently laundered.

Predicate offences are categorized according to the level of risk they pose in relation to money laundering – high, medium, and low risk. Such classification enables a clearer assessment of threats and a more efficient allocation of institutional capacities toward the most vulnerable segments of the financial system. Comparative analysis demonstrates that, in certain legal systems,


[12] PhD Candidate in Legal Sciences in the field of Criminal Law, Faculty of Law “Iustinianus Primus”, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje.

proving the predicate offence is a mandatory prerequisite for prosecuting money laundering, while in others, the focus is placed on proving the illicit origin of assets without necessarily identifying the specific predicate offence.

The conclusion that emerges is that a successful fight against money laundering requires an integrated approach that includes the effective detection and proper qualification of predicate offences, systematic risk assessment, and the harmonization of judicial practice with national legislation and international standards. International cooperation and the application of comparative methods constitute essential prerequisites for developing effective strategies for the prevention and repression of this form of criminality.

**Keywords:** *money laundering, stages of money laundering, predicate offences, risk assessment, Criminal Code*.